# Дубаи

**5ноки/6дена**

| **Термини:** |
|---|
| 07.04.2018 - 12.04.2018 |
| 28.04.2018 - 03.05.2018 |
| 08.05.2018 - 13.05.2018 |

**5 ноќевања со појадок во избраниот хотел + авио билет + трансфер + полудневен разглед на Дубаи со водич на македонски јазик + пустинско сафари со вечера и забавна програма + крстарење по Дубаи Крик со вклучена вечера и забавна програма**

**Топ пакетна цена од 455€ од лице**







цената е валидна за резервации направени до **15.03.2018**

* цената е дадена по лице за сместување во наведениот период во соба со максимум две лица

**1 ден**
Полетување од Скопје за Дубаи со авиопревозникот FlyDubai во 13:05 ч. со лет бр.  (летот трае околу 5 часа) . Пристигнување во Дубаи во 21:05 часот по локално време. Пречек од страна на лице од партнер агенцијата и трансфер до избраниот хотел.  Сместување во избраниот хотел.Ноќевање
**2 ден**
Појадок. После појадокот се започнува со полудневната градска тура, прошетка и разглед на Дубаи.
Единствена можност за посета и разглед на традиционалниот и модерен  Дубаи.
Турата започнува со посета на пазарите на злато, текстил и зачини, од каде понатаму се упатуваме кон разглед на Бурж Ал Араб и каде клиентите ќе имаат можност за фотографирање, групата подоцна се упатува во посета на комплексот Џумеира Медина или Арапската Венеција каде ќе имаат можност и за фотографирање, по напуштањето на Џумеира Медина групата се упатува со возење до Палмата и можност за сликање пред хотелот Atlantis the Palm. Екскурзијата завршува во Дубаи Мол, во чиј состав се наоѓа највисоката кула ,, Бурж Калифа и Фонтаната " (овде завршува турата, доколку некој од клиентите изрази желба за посета на видиковецот на Бурж Калифа, потребно е, надвор од пакетната програма, да се извади влезница претходно, се со цел  да се пристигне во точно определеното време, како што налагаат условите во Бурж Калифа (влезниците слободно можат да се резервираат во агенцијата). Разгледот трае некаде околу 6 саати. Враќање во хотелот некаде околу 17 часот попладне .
Слободно време за одмор и индивидуални активности.
Ноќевање.
**3 ден**
Појадок во хотелот. После појадокот слободно време за прошетка и слободни активности.
Попладне околу 14 часот (претходно со договор со водичот) се започнува со екскурзијата Пустинско сафари со вечера и забавна програма. Секако, не сте биле во Дубаи, доколку не сте го искусиле Пустинското Сафари.
Сафарито е едно од највозбудливите, најатрактивните и најбарани екскурзии во раскошната туристичка понуда во Дубаи. Уживајте возејќи се по песочните дини, а потоа релаксирајте се во удобниот пустински камп.
Возбудливата авантура ќе се крунисa со прекрасна програма на возбудливи стомачни танци, традиционален египетски танц и многу други содржини кои ќе овозможат уживање и релаксација во пустинските убавини и културно-уметничката програми. Уживајте и забавувајте се со цртање со к'на, јавање камили, фотографирање со сокол и уште бројни содржини организирани и придружувани од искусни професионалци.
Враќање во хотелот околу 20/21 часот.
Ноќевање
**4 ден**
Појадок.
После појадокот слободно време за прошетка, плажа или можност за факултативна посета на Абу Даби.
Пред само 80 години, Абу Даби не беше повеќе од рибарско пристаниште, на врвот на остров во непосредна близина на континентот. Денес Абу Даби – престолнината на Емиратите, маѓепсува со белиот песок, тиркизните води и архитектонските достигнувања.
Уште на влезот на градот ќе останете маѓепсани од величественоста на белата џамија „Шејх Зајед". Ќе имате можност да ја посетите и да го искусите чуството на мир и спокој. После разгледувањето на џамијата има посета на областа Ал Батин, која се наоѓа на морскиот брег и има прекрасна глетка на целиот град. Таму ќе можете да видите како изгледал животот на мештаните

и промената на нивната егзистенција како резултат на откривањето на „црното злато“. Ќе го разгледате импозантниот хотел Emirates Palace, (има пауза за фотографирање, однадвор) изграден во типичен арапски стил кој потсеќа на дворец од приказните. На враќање кон Дубаи ќе го посетите Sadiyat Islands , познат по пистата за формула 1 (не е вклучено посета на патеката), и посета на забавниот парк Ferrari World. Слободно време за ручек, прошетка или шопинг.... Враќање назад во Дубаи. (времетраење на оваа екскурзија е 8-10 часа).
Корисни информации за факултативата:
Факултативата е целодневна и има водич на македонски јазик. Времетраењето на патувањето од Дубаи – Абу Даби е околу 90 мин во правец. За време на посетата на џамијата Шејк Зајед има соодветна облека за мажите и жените. Обрнете внимание на инструкциите кои ќе Ви се дадат пред заминување.

| Хотел | * | област | Услуга | Цена од лице во двокреветна соба | Цена од лице во еднокреветна соба | Цена за дете под 12 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ibis Deira City Centre** | **3** | **Deira** | Со појадок | 455 € | 621€ | |
| **Aj Jawhara Gardens** | **4** | **Deira** | Со појадок | 636 € | 809 € | 559€ |
| **Golden Tulip** | **4** | **Al Barsha** | Со појадок | 690€ | 919 € | 481€ |
| **Omega** | **4** | **Bur Dubai** | Со појадок | 666€ | 872€ | 492€ |
| **Media Rotana** | **5** | **Tecom** | Со појадок | 787€ | 1114€ | |
| **Fraser Suites** | **5** | **Shk Zayed Rd** | Со појадок | 758€ | 1055€ | 526€ |
| **Hawthorn Suites** | **5** | **Marina** | Со појадок | 874€ | 1209€ | 497€ |
| **Movenpick** | **5** | **JLT** | Со појадок | 874€ | 1287€ | 512€ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Dukes | 5 | The Palm | Со појадок | 1153€ | 1847€ | |

Вечерта со почеток во 19/19:30 часот(во зависност од оддалеченоста на хотелот) се започнува со оваа екскурзија. Крстарењето по Дубаи Марина претставува атракција сама по себе и од посебен

вид, пловејки по каналот помеѓу Марината и Џумеира Бич Резиденс, ќе можете да уживате во прекрасната глетка на џунглата од облакодери изградени во најнов ултра модетен стил. Покрај Прекрасната глетка, на бродот ќе можете да уживате во организираната забава во традиционален ориентален стил и вечера во арапски стил на отворена шведска маса.
Времетраење на крстарењето е околу 2 часа. Враќање во хотелот околу 22:30 часот.
Ноќевање.

**5 ден**
Појадок .Ден за слободни активности.
**6 ден**
Одјавување од хотелот. Трансфер од хотелот до аеродромот во Дубаи. Полетување за Скопје во 09:10 часот (по локално време), пристигање во Скопје во 12:05 часот..

**Цени на пакет аранжман по лице :**

*****можност за плакање на 12 или 24 месечни рати со 0% камата *****

**Во цената е вклучено :**
* Повратен авионски билет Скопје – Дубаи – Скопје
* Организиран трансфер од аеродорм – хотел – аеродром
* Хотелско сместување во избраниот хотел
* 5 ноќевања со појадок
* Асистенција на аеродромот во Дубаи со локачен водич на Македонски јазик
* Полудневен разглед на Дубаи со водич на македонски јазик
* Пустинско сафари со вечера и забавна програма со водич на македонски јазик
* Крстарење со брод по Дубаи Крик (Dubai Creek) со вечера и програма со водич на македонски јазик